# Карпош ин

**Јули 2018** | Бр. 64 | Година 9

Првиот Приватен
**ЗАБАВЕН ПАРК ЗА КУЧИЊА**

Мој Карпош
**МОЈА КАРТИЧКА**

Планината е
**БОРБА СО САМИОТ СЕБЕ!**

55 години од
**СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС**




# ПИКОЛИНИ

ДОБИ ШАРЕНИ И ИНТЕРАКТИВНИ ТРОТОАРИ

**ОПШТИНА КАРПОШ**
Весник на локалната самоуправа

**Издава Оппшина Карпош**
ул. Радика бр. 9
тел.: 02 | 30.55.901
02 | 30.55.902
kontakt@karpos.gov.mk
**www.karpos.gov.mk**

**Издавачки Совет**
Стефан Богоев
Душко Бужаровски
Филип Даскаловски

**Редакција**
Димитар Караташев
Игор Ѓуровски
Мила Гавриловска
Ива Зафировска
Благојче Атанасоски
Ивана Пендовска-Вукашиновиќ

**Главен и одговорен уредник**
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

**Заменик-уредник**
Игор Ѓуровски
igor.gjurovski@karpos.gov.mk

**Фотографија**
Амел Амед
Ива Зафировска
Игор Ѓуровски

**Лектор**
Ангелина Николовска

**Технички уредник | Графички дизајн**
**STEF**Chou

**Печатница:** Серафимовски
**Тираж:** 20.000 примероци

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# Во овој број ќе читате...

6 Тема на бројот: **„МОЈ КАРПОШ - МОЈА КАРТИЧКА“**

12 Мобилна апликација за комуникација со Општината **- BLINK**

18 Теренска офанзива **ЗА КЛУЧНИТЕ ПРОБЛЕМИ** во КАРПОШ

22 **SCIENTIX НАГРАДА** за КЦК и ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“

24 Модната креаторка Евгенија Зафировска: **МЕ ИНСПИРИРАШЕ КЕНЗО ТАНГЕ**

29 Пандев Куп 2018 - **МЛАДИНСКИ ФУДБАЛСКИ ТУРНИР ВО КАРПОШ**

36 Уживање во **„ЏОЈ“**

37 **ЧИСТА ВОДА** и поголема **ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА**

ISSN 2545-482X














# НОВА ФИТНЕС ЗОНА ЗА **ПОДОБАР ЖИВОТЕН „БАЛАНС“**

Жителите на Карпош и Скопје, добија нова фитнес зона која се наоѓа на Кејот на реката Вардар, во близина на Алпинистичката карпа. Во интерес на граѓаните и спортските ентузијасти, Општина Карпош и обезбеди слободна локација на општествено-одговорната компанија „Бимилк“, која, со својата донација го подигна новото спортско катче. Во оваа пригода, градоначалникот Стефан Богоев, најави дека на овој потег ќе се гради „адреналински парк“ со ново зеленило и богати содржини, како и парк за миленици. Гледајќи во целина, комплексот во овој дел на Општина Карпош, ќе прерасне во исклучително атрактивна рекреативна зона.



# Стефан Богоев

Градоначалник на општина Карпош

## Почитувани карпошани, За релативно кратко време, навистина направиме “мост” на соработка:

### 1

Да добиеш 10% попуст во кафуле, 15 проценти пониски цени во здравствени ординации, поевтини карти за во театар или за посета на спортски установи... Уште голем број на поволности и попусти овозможува картичката „Мој Карпош“, за која организиравме и промотивен настан. Успеавме да направиме “мост” на соработка меѓу локалната самоуправа, бизнис секторот и граѓаните. Кога се сака, се е можно!

### 2

Иако сме навлезени во летото, времето сеуште е колебливо. Сепак, треба максимално да ги искористиме топлите и сончеви денови. Поминете на Кејот на Вардар. Таму поставивме нова фитнес зона во соработка со компанијата “Би-милк”, но и нашите вредни хигиеничари се приклучија во големата акција на Градот Скопје за чистење на коритото. Патем, при прошетките и спортските активности, повикувам да бидеме свесни и одговорни граѓани и да се грижиме за чиста животна средина.

### 3

Се надевам дека учениците уживаат во распустот и го користат за одмор и дружба. За тоа време, како Општина опстојуваме на ветувањето да ги претвориме училишните дворови во спортско – рекреативни центри. Ми пристигнаа голем број на добри коментари за новите кошови во дворот на ОУ “Петар Поп Арсов” кои ќе можат да ги користат и учениците, но и граѓаните од околните населби. Продолжуваме со реконструкција на игралиштата и во училиштата “Војдан Чернодрински и “Јан Амос Коменски”.

### 4

„Zip line“ во должина од 400 метри, игралишта за фудбал и одбојка на песок со странични трибини и можност за организирање на меѓународни турнири, обнова на вештачката карпа и скејт паркот. Ова се дел од содржините кои ќе ги има во новиот Адреналински парк во Карпош, кој ќе биде дел од големиот парк кој ќе се протега од вештачката карпа до бунарите на реката Вардар. Тимот од Секторот за развој сериозно работи на документацијата за овој проект за да добиеме средства за негова реализација од Светска банка. Па, затоа „stay tuned“ и во наредните броеви ќе читате повеќе на оваа тема.

### 5

За ребрендираното издание на Карпош Ин добиваме голем број на коментари. Пред некој ден, на Млечен, еден граѓанин ми пријде и ме праша зошто хартијата не е сјајна и не е “квалитетна” како претходно. Затоа што е 100% рециклирана, а квалитетот е во содржината.

Ви посакувам убаво лето и пријатни одмори.

Искрено Ваш,
Стефан Богоев



**e-mail**
gradonacalnik@karpos.gov.mk

**Facebook**
Stefan Bogoev

**Twitter**
@sbogoev

**Instagram**
@sbogoev

„Мој Карпош – моја картичка“, проект за раздвижување на локалната економија

# ДОБРО ЗА БИЗНИСОТ, **ПОВЕЌЕ ЗА ГРАЃАНИТЕ**




Велат дека најтешко е да се постигне едноставното. Без многу помпа, достоинствено, организаторот и гостите застанаа да ги спојат своите идеи и потреби во еден оригинален проект кој ќе им донесе бенефит на сите карпошани. Под мотото „Добро за бизнисот, повеќе за граѓаните“, Општина Карпош го организираше промотивниот настан т.н. бизнис-појадок за проектот „Мој Карпош – моја картичка“.

Тенискиот клуб на хотелот „Александар палас“ беше „епицентарот“ на еден уникатен проект во Републиката, место кое обедини стотина бизнисмени од најразлични области.




Уште од самиот почеток доминираше спонтаноста, неформалниот дух и позитивната енергија. Присутните беа пречекани од страна на градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев и имплементаторите на проектот од Секторот за развој.

Картичката „Мој Карпош“ ќе биде достапна за сите карпошани, со наполнети 13 години, од втората половина на септември, со пополнување на апликација и подигнување на картичката од просториите на Општината или од урбаните заедници. Во оваа прва фаза се приклучија 230 бизниси, но, по завршувањето на промотивниот настан, проектот доби дополнителен публицитет и секојдневно се приклучуваат нови локални претпријатија.

Градоначалникот Богоев говореше за основната цел на проектот – да се раздвижи локалната економија: Граѓаните да купуваат добра и да користат услуги по пониски цени, а малите и средните претпријатија да имаат поголема посетеност и добивка.

Попустите и бенефициите ќе може да се користат во голем број на кафулиња, ресторани, здравствени ординации (очни ординации, стоматолошки ординации, ординации за физиотерапија), спортски и културни установи, книжарници и друго.

**Спонтаноста и меѓусебната комуникација меѓу бизнисмените доминираше на овој работен појадок. Новиот лик на Карпош „извира“ од секој аспект, препознаена е намерата за трајна соработка меѓу граѓаните, бизнис-заедницата и Општината.**



На настанот се обрати и д-р Данчо Бизевски, од „Нова дентал груп“, една од првите стоматолошки ординации која се одлучи на карпошани да им понуди попуст. Бизевски говореше за воспоставената соработка меѓу бизнис-секторот, локалната самоуправа и граѓаните, при што констатираше дека на ваков начин се обезбедува траен механизам за соработка од која добиваат сите страни.

Наместо куп формалности, бизнисмените имаа можност за меѓусебно запознавање, неврзана комуникација, разменување на промотивни материјали, разговор со градоначалникот и службите при Општината.

Отвореноста и новиот дух во Карпош, меѓудругото, веќе се гледаат на ваквите настани за промоција на проектите, каде што акцентот се става на суштината на мерките и рамномерната застапеност на сите страни.

Општина Карпош им се заблагодари на сите мали и средни бизниси кои покажаа општествена одговорност и грижа за локалната заедница, и се приклучија кон овој проект.







**ВЕБ-САЈТ И МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА ЗА КАРТИЧКАТА „МОЈ КАРПОШ“**

Следејќи ја дигитализацијата и живеењето во „е-општество“, Општината одлучи овој проект дополнително да го развива и да го прави уште подостапен. Затоа, почнуваат подготовки за изработка на веб-сајт за картичката за попусти „Мој Карпош“. Имено, на веб-сајтот ќе бидат прикажани сите бизниси кои даваат попусти, но и ќе се обезбеди можност за дополнителна промоција на правните субјекти кои се дел од овој проект.

Исто така, се предвидува и развивање на мобилна апликација за проектот, со цел да се обезбеди и електронско користење на картичката.

**Димитар Караташев**




## Марјана Стојчевска

сопственичка на автошкола „М – 22“

„Сметам дека и понатаму ќе имам добра соработка со Општина Карпош. Иако живеам далеку од Карпош, патувам од едниот до другиот крај на Скопје, седиштето на мојата фирма е тука и убедена сум дека ќе имам добра соработка и со градоначалникот и со Општината. Тука има добра бизнис-почва“.

## Кристијан Пецев

сопственик на хостел „Булевар“

Роден сум во Влае, и вљубен сум во Карпош. Тука отворив хостел. Убаво е, мирно е и имаме што да им понудиме на гостите. Даваме поддршка на проектот „Мој Карпош – моја картичка“ затоа што веруваме во вакви идеи, креативни и иновативни, спроведувани од млади и амбициозни луѓе.






## Данчо Бизевски

сопственик на „Нова дентал груп“

„Нова дентал груп“ се приклучува кон проектот да понуди попусти за граѓаните кои ќе се решат да користат стоматолошки услуги во нашата ординација. Оваа картичка дава одлична можност за соработка меѓу повеќе чинители и промоција на бизнис-заедницата во Карпош.



## **НОВИ КОШОВИ** ВО ДВОРОТ НА ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“

Во дворот на општинското основно училиште „Петар Поп Арсов“, во населбата Карпош 4, се поставија нови кошеви кои ќе овозможат побезбедна игра за учениците, но и за сите граѓани.

Дворовите на училиштата прераснуваат во спортско-рекреативни центри. Локалната самоуправа сака да се овозможат подобри услови за спорт на учениците, а во попладневните часови овие спортски катчиња да бидат користени и од сите граѓани од населбата.

РЕАЛИЗИРАНИ

## **РОДОВА ЕДНАКВОСТ** ВО КАРПОШ ПО ЕВРОПСКИ ТЕРК

Во просториите на урбаната заедница „Влае 1“ се реализираше последната фаза од работилницата на тема „Изработка на акциски активности кои треба да се реализираат од програмата за еднакви можности“, поддржана од невладината организација „Цивика мобилитас“. Работилницата ја подготви координаторката за еднакви можности на жените и мажите од општинската администрација, Евантија Стојановска, а претходно, проектот го усвои Советот на Општина Карпош и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, чиј претставник е претседателката на Комисијата, Билјана Костова.

Во оваа пригода, извршната директорка на организацијата „Македонско женско лоби“, Даниела Димитријевска, истакна дека Општина Карпош е локална самоуправа која го спроведува акцискиот план за родова рамноправност, применувајќи европски практики во функционирањето. Локалната самоуправа во Карпош е единствена општина од Скопскиот плански регион, во која се спроведе проектот „Улогата на жената во општеството“.





# ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО МОМИН ПОТОК

Преку раздвижување на локалната економија и зацврстување на соработката меѓу Општината и бизнис-секторот ќе имаме подобри резултати, беше еден од заклучоците на средбата на градоначалнкот на општина Карпош Стефан Богоев со поголем број на стопанственици од индустриската зона во Момин Поток.

На оваа средба присуствуваше и градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, како и директорот на ЈП „Водовод и канализација“, Душко Весковски.

Во Момин Поток е поставено ново осветлување, електрична линија од 1.400 метри, нови 30 столбови со 40 светилки. Локалната самоуправа дејствува во насока да се подобри инфраструктурата и оваа зона да стане попривлечна за домашните и странските инвеститори.

„Затоа ќе започнеме и со изведба на нова водоводна мрежа (проект во вредност од 15 милиони денари, а ќе го спроведе ЈП „Водовод и канализација“). При крајот на летото ќе се реконструираат и поголем дел од сервисните улици во Момин Поток“, рече Богоев.

Како еден од капиталните проекти, за следната година, е и продолжувањето на улицата „Љубљанска“ со другиот брег на реката Вардар. Така, ќе се овозможи полесен пристап до овој дел од Карпош и поврзаност на урбаното подрачје со периферијата.

Стопанствениците ја поздравија иницијативноста на Општина Карпош и конкретните инфраструктурни проекти кои се реализираа во изминатиот период.

Нови технологии за мапирање на проблеми и давање идеи

# МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА

## ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ОПШТИНАТА

Граѓаните на општината Карпош преку мобилна апликација (за Андроид и за ИОС-корисници) ќе може да комуницираат со локалната самоуправа, да пријавуваат проблеми, но и да споделуваат свои идеи и предлози од областа на заштитата на животната средина, инфраструктурата и други локални проблематики.

Локалната самоуправа воспостави соработка со Центарот за социјални иновации „Блинк 42 – 21“, организација која ќе го имплементира проектот „Вклучена младина за м – партиципација“, поддржан и од страна на УСАИД.

Милан Танчески од „Блинк 42-21“ посочи дека апликацијата е во процес на изработка, а ќе биде достапна од октомври 2018 година.

„Иако основната интенција ни е преку мобилната апликација да им овозможиме поголема интеракција на младите луѓе со Општината, сепак, апликацијата е наменета за сите граѓани кои користат паметен телефон“, вели Танчески.

Апликацијата ќе биде поврзана и со социјалните мрежи, со што значително ќе се олесни комуникацијата меѓу локалната власт и граѓаните.

prijavi.mk

## ПРИЈАВИ ПРОБЛЕМ ПРЕКУ

# WWW.PRIJAVI.MK

Градоначалникот на општина Карпош Стефан Богоев и Афродита Муслиу, претседател на организацијата „НЕКСУС – граѓански концепт“ потпишаа Меморандум за соработка, со цел активирање на електронската платформа **www.prijavi.mk** која е дел од проектот „Граѓаните за општината: Работиме заедно за транспарентност и одговорност“.

Преку електронската платформа www.prijavi.mk граѓаните на општина Карпош ќе може на побрз и поедноставен начин да пријавуваат проблеми на територија на локалната самоуправа поврзани со јавната чистота, јавното осветлување, загадувачи на воздух, ударни дупки и други јавни комунални услуги.

Општината номинираше и задолжено лице за проследување на сите проблеми од оваа платформа и нивно делегирање до надлежните сектори. Со овој начин на комуникација се зголемува и експедитивноста на општинската администрација, а им се заштедува и време на граѓаните за пријавување на проблеми.

Афродита Муслиу посочи дека електронската платформа ќе ја олесни и забрза комуникацијата на граѓаните и општинските службеници, ќе ја забрза постапката на утврдување, пријавување и решавање на комуналните проблеми. Меѓудругото, главната цел на оваа платформа е да се подобри квалитетот на живеење на граѓаните, но и да се зајакне соработката и довербата меѓу локалната самоуправа и граѓаните.

1963 2018

## СКОПЈЕ

# МЛАДОСТ ТИ ЌЕ БИДЕШ!

**Сеќавања:**
55 години од земјотресот во Скопје низ сеќавањата на **Душан Маџоски**, учесник во младинските бригади

„Таму каде што има тага, има и надеж. Таму каде што има болка има и пркос, храброст, достоинство, солидарност". Вака приближно течат сеќавањата на Душан Маџоски, тогашен студент, бригадир во младинската бригада „Мирче Ацев", сега веќе господин на прагот на 80-тите, кој со многу емоции и немир си спомнува за катастрофалниот скопски земјотрес од пред повеќе од пет децении.

Дали е доволно да изминат 55 години за да избледне сликата на ужасот, загубата и бескрајната болка и тага, пред големата природна катастрофа, во која животот го изгубија над 1.000 скопјани, а меѓу најнастраданите населби беше токму Карпош?

- На 26 јули 1963 година, јас како бригадир од младинската бригада „Мирче Ацев", заедно со бригадирите од „Мите Богоевски" бевме на изградба на последната делница од автопатот „Братство и единство", на делот Белград – Осипаоница. Веста за земјотресот не затекна околу шест-седум часот наутро од еден мој колега-бригадир која ја слушнал на транзистор. Во бригадата настапи длабока штама, неспокој, тага... сите имавме роднини, пријатели за кои не знаевме каква им е судбината. Од ЦК на младината на Македонија беше испратено известување, македонските бригади веднаш да појдат за Скопје. Веќе во раните утрински часови, околу два-три часот, на 27 јули појдовме за Скопје.



Бригадирска акција за рашчистување на рушевините во Карпош

- Во преполните автобуси со бригадири, опремени со храна и санитетски материјали најгласно одекнуваше – молкот. Како се приближувавме кон македонската граница, вели Маџоски, така напнатоста растеше и тишината беше се потешка: Што ќе најдеме, кој загинал, кој преживеал. Попат почнавме да среќаваме колони луѓе како спасувачките екипи ги евакуираат: повредени, преживеани, мајки со деца... Во Автокоманда наидовме на облак прашина од разурнати објекти. Беше урната зградата на Скопскиот универзитет, Филозофски, Правен, Економски, Земјоделски факултет, Ректоратот, Сојузот на студентите... Кога се приближивме кон Железничката станица видовме мачна глетка, таа речиси не постоеше. Одејќи кон плоштадот мачнината растеше: Не постоеше Офицерскиот дом, зградите разурнати, а оди сите страни исплашени погледи, лелекања, барање помош. Од плоштад Слобода, преку улиците „Орце Николов“, „Ѓуро Ѓаковиќ“ до „Ленинова“, пристигнавме се до просторот кај сегашната болница „8 Септември“ (Воената болница). Тогаш тоа беше ледина, ниви, бавчи...



- Не пречека претседателот на младината на Македонија Драгољуб Ставрев, вели тогашниот бригадир Душан Маџоски, кој ни кажа за исклучително тешката состојба и дека не се знае колку има повредено, колку затрупани граѓани и веднаш добивме задача бригадите „Мирче Ацев“ и „Мите Богоевски“ да се вклучат во спасување на настраданите, како и на подигнување на населбите, но и на закопот на починатите.

- Тогаш почнува да се гради и шаторската населба во Тафталиџе 1, каде ги сместувавме оние што останаа без домови. Паралелно ги спасувавме преживеаните од кулите во Карпош, па честопати ни се мешаа потта и солзите. Немаше задача која не ја извршивме, си приспомнува Душан Маџоски, едноставно немаше одмор. Се работеше деноноќно. Дополнително ја формиравме и бригадата „Кузман Јосифовски-Питу“ и сите три бригади заеднички ги подигнавме населбите Тафталиџе 1 и 2, Влае 1 и 2, Ѓорче Петров 1 и 2.



Се разбира имавме поддршка и од меѓународните бригади, но, она што беше најважно е дека токму младинските бригади го вратија духот на Скопје и скопјани, кои видоа дека не се оставени сами на себе. Владееше дух на солидарност, дури ја запеавме песната „Скопје граду ти не губи надеж, ќе те градат студентските бригади!“. Не можам да ја заборавам, вели Душан, огромната солидарност, разбирање и меѓусебна почит што владееше меѓу младите во тие тешки моменти, но и меѓу самите жители кои го делеа парчето леб и чашата вода. Со вакво темпо работевме до 3 август, кога беше официјализирана работната акција „Скопје 1963“ во која се вклучивме сите три студентски бригади за изградба на приградските населби, сè со цел да не нè пресретнат студените зимски денови.



Она на што посебно со тага си приспомнува обновителот на Карпош и Скопје, е дека во еден момент Скопје стана град без деца, без детски џагор. Децата се делеа од мајките и се носеа на побезбедни места низ Југославија. Но, и во такви тешки услови, не заборавивме да ги прославиме националните празници на македонскиот народ, 2 август, 60 години од Илинденското востание и 19 години од АСНОМ, за кој ни говореше ректорот на Скопскиот универзитет Кирил Миљовски. Младинските бригади уживаа голема почит и не посетуваа видни функционери од тогашната СФР Југославија, дури и лично командантот на НОБМ и ПО генералот Михајло Апостолски.

Иако времето кога го обновувавме Скопје беше жешко, на градот не му се случи ниту една епидемија. Следните три месеци не сместија во студентската населба „Стив Наумов“ и оттаму почнавме да ја градиме студентската населба и обновата на факултетите, работевме на довршување на зградата на Педагошка академија, на обнова на разурнатата библиотека, сè со цел универзитетската година да почне навреме. Работевме и истовремено полагавме испити, иако Универзитетот почна со редовна настава од јануари 1964 година, вели Маџоски.



Ниту еден труд, ниту еден ангажман не остана незабележан и ненаграден. Душан Маџоски за својот удел во обновата на разурнатиот град е одликуван со орден „Заслуги за народ со сребрени зраци“ лично од претседателот на СФРЈ Јосип Броз Тито. Тоа ми е исклучително признание вели Маџоски и најдраг спомен од младоста.

А Скопје, Скопје и тогаш и сега остана град на младоста! Град на солидарноста и надежта, дури и 55 години потоа. Ветија и оствариjа „Скопје младост ти ќе бидеш...!“

**Виолета Цветковска**

# ЗДРАВА ИСХРАНА НА ДЕЦАТА - НАШ ПРИОРИТЕТ

Општина Карпош, во мај годинава беше претставена на исклучително значаен Меѓународен конгрес за контрола и безбедност на храна, здравје и нутриционизам „Нутрикон 2018“, кој се одржа во хотелот „Гранит“ во Охрид. Општината ја претставуваше овластеното лице за контрола и безбедност на храна во градинките и основните училишта на територија на општината м-р Ирена Калајџиева – Милевска, а присутните (приближно 200 учесници од повеќе од 20 земји) беа запознаени со проектот на дипломираниот нутриционист Надица Илиевска и проф. д-р Валентина Павлова од Технолошки-технички факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ кој годинава се спроведе во соработка со основните училишта на територија на општина Карпош и операторот за храна во Општината. Светската научната фела го оцени овој проект прогресивен и позитивен од аспект што менито кое се изработи за децата во нашите основни училишта, не само што ги исполни сите законски барања од земјава, туку беше воведен и нов прогресивен пристап заснован на законските регулативи на Европската Унија.

Избалансираната исхрана и подготвување мени на децата од предучилишна и училишна возраст, на студентите во студентските домови, како и менито наменски изготвено за пациентите во болнички услови беше главна тема на оваа меѓународна конференција за безбедност на храна.

По дискусијата беше заклучено дека оваа тенденција на грижа за здравјето на децата преку исхраната мора да продолжи, да се надградува, и за таа цел беа прифатени сите забелешки кои присутните ги посочија. Како завршен документ и оваа година беше издадена „Книгата на апстракти“ од научните и стручни трудови на сите учесници на овој настан, во чиј организациски Комитет како нејзин член е и претставникот на Општина Карпош м-р Ирена Калајџиева – Милевска.

Настанот беше во организација на консалтинг и тренинг-центарот „Клуч“ кој наедно е и член на Регионалната секција на Европската групација за хигиенско инженерство и дизајн (EHEDG) чиј институционален член е Општина Карпош.

**м-р Ирена Калајџиева – Милевска**



Синоличка Трпкова



# ДА БИДЕМЕ ПРИМЕР **ЗА ТИЕ ШТО НАЈМНОГУ ГИ САКАМЕ**

Децата учат од родителите и од средината. Најчесто го прават она што го гледаат, а не тоа што им се кажува. Ако секојдневно го учиме детето дека е добро да вози велосипед до училиште, а сите неговите другарчиња стигаат таму со автомобил, тоа набргу ќе пружи отпор! Можеме колку сакаме да им покажуваме и да ги учиме, но средината секогаш "немилосрдно" ќе ги упатува на нешто друго. Децата се нашето најголемо богатство, на нив останува иднината и сето она што ќе им го оставиме во наследство. Како родители го сакаме најдоброто за нив и правиме се' за тоа да им го овозможиме. Но што е тоа што е навистина најдобро? Секако - нивното здравје и давањето можност да пораснат во свесни, одговорни и независни личности, способни да живеат и одлучуваат самостојно. Но сето е незамисливо без безбедност, таму кај што тие се најчесто - на улица!

Во Холандија на пример, нормално е од мали нозе, уште од 3 или 4 годишна возраст детето да вози велосипед. Децата уште тогаш одат со велосипед или пешки на училиште. Велосипедот таму е основното превозно средство, и тоа за сите, без разлика на статусот. Но таму, за разлика од кај нас, владеат други правила. Најважен е пешакот со неговиот слободен и заштитен простор и неговата безбедност. Потоа на ред се велосипедистите и на крај автомобилистите. За разлика од кај нас, каде што оние во автомобил секогаш и секаде имаат "предност". Во Холандија не само улиците и патиштата, туку и населбите и градовите се обмислени и уредувани за доброто на човекот, со цел да се создаде безбедна и пријателска средина за него. Во едно вака уредено општество, децата се безбедни и кога играат на улица и кога возат велосипед, и кога пешачат. На тој начин и родителите се мирни, зашто знаат дека и тие самите, со помош на институциите, создале средина во која децата можат безгрижно и безбедно да раснат.

Ние не сме Холандија, но барем можеме да се обидеме да го следиме нејзиниот пример. Со оглед на тоа што и ние имаме деца за кои се грижиме, потребно е да престанеме да возиме по улиците од населбите со огромна брзина и да ја прилагодиме брзината според прописите. И како возачи, но и како родители, а и како оние што се грижат за редот и безбедноста на сите. Секојдневно сме сведоци на дивјачко однесување на возачите токму во населените места. Во Холандија сите внимаваат за безбедноста на деца од различна возраст кога тие си играат надвор, на улица. Тоа кај нас е речиси незамисливо, а е и неспоредливо со времињата кога ние раснеевме на улица. Улиците во населбите кај нас, за жал, се далеку од безбедни. Како да ги научиме децата на безбедност, ако ние како родители, им ја загрозуваме безбедноста!? Џабе ни се и образованието и сите пропаганди, ако ние самите не внимаваме како се однесуваме кога сме зад воланот.

Иако имаме велосипедски патеки и се' подобри услови за пешачење, нашите деца сепак не се безбедни. Но никој, освен нас, не е виновен за тоа. И ниедна институција нема да може да го реши проблемот на безбедноста на улиците комплетно и целосно - освен ако ние граѓаните, не го смениме нашиот однос кон ова. Да, редот се воспоставува и од институциите и од службите за безбедност, и потребни се драконски мерки и казни за тој да се почитува. Но се прашувам која е причината за упорната несовесност на голем број граѓани во сообраќајот? Зарем заборавaме дека сме и родители, веднаш штом ќе се најдеме зад воланот. Зарем толку ни се брза, за да не помислиме дека со нашето "брзање" доведуваме нечиј живот во опасност? Зашто ако сите ние не се грижиме за безбедноста на нашите најмили - тогаш кој? Луѓе што си ги сакаат децата, ќе сторат се' за тие да бидат безбедни. Зашто со сечие индивидуално однесување, добро или лошо, ние самите го создаваме нашиот ред (или неред). Ама најчесто ни е најлесно некој друг да е виновен за сообраќајниот неред. Ќе мораме веќе да сфатиме дека сите важни промени почнуваат од нас самите. Со многу мали нешта. За почеток на пример, доволно е да бидеме совесни возачи и да користиме велосипеди секогаш кога можеме или да одиме пеш. Така, освен што ќе станеме подобри и посовесни граѓани, ќе бидеме и вистински пример за нашите деца. За тие утре да станат и пример за своите!

# ВЕСТИ

Преку креативност до поголема безбедност

## ШАРЕНИ СТОЛПЧИЊА И ТРОТОАРИ



Крајот на учебната година ја разбуди и креативноста кај учениците од основното училиште “Вера Циривири - Трена”. Тие решија да ги разубават столпчињата пред своето училиште, со различни симболи, цртежи и дизајни. Покрај тоа што се развиваат ликовните вештини на учениците, оваа акција има за цел да го привлече вниманието и на оние кои управуваат со моторни возила.Шарените столпчиња сигнализираат дека во близина се наоѓа училиште и дека е потребно да се намали брзината на возење.

Оваа урбана акција од Карпош 2, продолжи и пред приватната градинка “Пиколини” во Карпош 4. Младите карпошани, со помош на урбаниот графити-уметник ***Dreadpen***, и дадоа интересен лик на пешачката зона, која води до приватната градинка „Пиколини” во Карпош 4. Креативците, со разнобојни спрејови цртаа повеќе симболи, сакајќи, преку своите ликовни експресии да предизвикаат поголемо внимание кај минувачите и возилата, со цел, тротоарите да останат слободни за движење на пешаците и да бидат безбедни за децата. Нивниот став е дека, на сивилото и монотонијата треба да се одговори со шаренило и интерактивни содржини.

Ваков вид на креативни активности и акции се спроведуваат во голем број од европските држави, а Општина Карпош ќе ги поддржи овие акции на воспитно – образовните установи и во новата учебна година.

# ОД ОПШТИНАТА







## **НОВА УРБАНА ОПРЕМА** ВО КАРПОШ 4

Општина Карпош постави нови корпи за отпадоци и обнови дел од клупите за седење во урбаната заедница Карпош 4, долж булеварот “Партизански одреди”, во близина на новата фитнес зона.

Локалната самоуправа ќе продолжи со обновување на урбаната опрема и во другите населби.

## **ЗАШТИТНИ СТОЛПЧИЊА** НА БЛЕДСКИ ДОГОВОР



Со цел да се спречи паркирањето на зелена површина, Општина Карпош постави нови столпчиња на улицата "Бледски договор", пред Градската општа болница "8-ми Септември".

Нови столпчиња се поставуваат и на тротоарите пред повеќе основни училишта во Карпош, за да се овозможи побезбедно движење и сигурност за учениците во новата учебна година.

Општина Карпош и натаму ќе работи на зголемување на безбедноста на пешаците и ослободување на зелените површини од возила.

# **СНИМАЊЕ** НА КЛУЧНИТЕ **ПРОБЛЕМИ** ВО КАРПОШ

Средбите се одржаа на отворено, на фреквентни локации низ урбаните заедници, со цел да присуствуваат што поголем број на граѓани.



Градоначалникот на општина Карпош, Стефан Богоев, претседателот на Советот на општината, Андреј Манолев, како и дел од членовите на Советот на општината остварија повеќе средби со граѓани низ различни урбани заедници. Директни средби имаше со граѓаните од Тафталиџе 2, Влае 1, Влае 2, Владо Тасевски („Млечен“), Козле, Жданец и Трнодол.

Интенцијата е раководството изворно, од терен да ги слушне проблемите, но и да се презентираат новите проекти и решенија за урбаните заедници.

Меѓу посочените проблеми доминираат оние од комуналната сфера, нарушениот јавен ред и мир, проблемот со паркирањето, недостатокот од урбана опрема и потребата од поголема безбедност на сервисните улици.

Градоначалникот Богоев презентираше дел од клучните проекти кои веќе се во процес на реализација.

## Тафталиџе 2

Започнува изградбата на нов урбан сквер, на улица „Женевска“ (на автобуската постојка за последна „24“).




## Влае 1

Реконструирани се две детски игралишта во **Влае 1**, а извршена е и замена на дел од уличното осветлување на улицата „Франце Прешерн“.



## Владо Тасевски

Практични решенија се понудија и за урбаната заедница **Владо Тасевски**. Таму, започнува реконструкцијата на три улици: „Њуделхиска“, „Атинска“ и „Римска“ и се воведува еднонасочен сообраќај за справување со сообраќајниот хаос. Исто така, за време на летниот распуст ќе се реконструира и спортското игралиште во ООУ „Војдан Чернодрински“.

## Влае 2

Во **Влае 2** ќе започне изградбата на парк за миленици, кај спортските терени (долж реката Вардар). Исто така, се подготвува идејното решение за изградба на првата еко-монтажна платформа за паркирање во близина на Порта Влае, а следната година, целосно ќе биде реконструиран и руинираниот плочник во комплексот згради во Порта Влае.



## Козле

Во **Козле** ќе се реконструира улицата „Козле 3“, а на аголот меѓу **Жданец** и **Трнодол** просторот ќе биде облагороден со изградба на нов урбан сквер.

Теренските средби со граѓаните и директниот контакт со засегнатите страни ќе продолжат и во наредниот период.

## Сонот на Наде и Михаела:

# ПРВИОТ ПРИВАТЕН **ЗАБАВЕН ПАРК ЗА КУЧИЊА**



Сончево попладне, ладно кафе и опуштена атмосфера. Навидувам имате чувство како да сте во некое урбано градско кафуле. Со насмевка и позитивна енергија бевме пречекани од страна на Михаела Поповиќ и Наде Богоевска, сопственичките на првиот приватен забавен парк за кучиња „АвАв хепи дог“ („AVAV – HAPPY DOG“), кој се наоѓа на главниот пат кон населбата Бардовци, во општина Карпош.

Пријатниот амбиент е резултат и на сите предмети, реквизити, столчиња за седење кои се рачно изработени од екоматеријали.

„Си го оствaривме животниот сон“, започнаа неуморните Наде и Михаела кои пленат со својот претприемнички дух, затоа што забавниот парк е класичен старт-ап, направен од сопствени средства, но и со многу љубов, креативност и посветеност.

Во „АвАв хепи дог“ можете да дојдете со своето куче и максимално да уживате, но, секако, да ги почитувате и правилата за однесување кои се јасно наведени на повеќе места.

Забавниот парк се состои од парк за кучиња со голем број интересни реквизити, базен со прскалки којшто претставува вистинска атракција во летниот период, фризерница за вашиот миленик, домашно подготвена кучешка храна богата со витамини, продавница за миленици, како и кафуле за релаксација и дружење.

Запрашани за проблемот со кучињата-скитници, и двете соговорнички се согласни дека се потребни подобри закони кои навистина ќе се применуваат, а нивната заложба и порака до сите граѓани е да се посвојуваат, а не да се купуваат кучиња.

„Кучето ќе биде во овој стационар додека не најде свој сопственик, свој дом. Тука ќе овозможиме целосна заштита, тренинг и лечење, а преку нашите формулари се овозможува и еден вид на регистрација и подготовка на регистар за кучиња“, посочи Михаела.

Сепак, потребно е синхронизирано и унифицирано решение на ниво на Град Скопје.

„Направивме модел кој сакаме да се примени и во другите општини. За краток период имаме голема посетеност и позитивни коментари, па веруваме дека ваков вид на паркови ќе се отворат и во други општини“, рече Наде.

Иновативноста на овие две млади девојки не застанува тука. Имено, во „Ав Ав хепи дог“ може да организирате роденденска забава за вашето куче, а наскоро ќе започнат да се организираат и голем број на тематски забави и дружби.

Отворени се и за поголема соработка со Општина Карпош. Локалната самоуправа го тампонираше патот до овој стационар, а во претстојниот период ќе продолжи добрата

комуникација, во насока на остварување на заеднички проекти.

На крајот од разговорот, и Михаела и Наде ги запрашав за нивниот ентузијазам и енергија. И покрај тоа што се соочиле со голем број на пречки и административни бариери, тие, сепак, успеаја да го реализираат својот сон.

Дефинитивно, нивниот двигател е љубовта кон работата и скромноста. За време на разговорот не сакаа да бидат фотографирани туку целото внимание да биде посветено на кучињата и стационарот.

Тие ни ја презентираа формулата за успех и грижа за локалната заедница. Морална обврска на сите нас е да го следиме овој позитивен пример.



**Препорачливо е „моделот“ од Карпош да го преземат и другите општини: „Со унифициран пристап – до решавање на проблемот со кучињата-скитници“.**













# ХОТЕЛ ЗА КУЧИЊА

До Нова година, во „АвАв хепи дог“ ќе биде отворен и „лукс хотел“ за кучиња. Тука ќе можете да го оставите вашиот миленик без да размислувате за неговата безбедност и внимание. Исто така, ќе профункционира и дневната градинка за кучиња.

Грижата за вашето куче ќе биде загарантирана од страна на персоналот и стручните лица. Секој сопственик ќе може да го следи своето куче преку видеонадзор.

**Димитар Караташев**

# НАГРАДА **SCIENTIX** ЗА **КЦК** И **ООУ ЈАН АМОС КОМЕНСКИ**





На фестивалот „STEM Discovery Week 2018 – Недела за промоција на природните науки“, кој се одржа кон крајот на јуни во Брисел, Белгија, проектот на Креативен центар Карпош (КЦК) и ООУ „Јан Амос Коменски“ – „It is COOl to be STEM“ беше еден од наградените од страна на Scientix.

На европско ниво, во рамките на оваа кампања беа ангажирани околу 800 активности од 40 држави. За време на петдневниот фестивал се одржаа шест работилници во кои беа опфатени 150 ученици од трето до деветто одделение од десетте основни училишта од Карпош. Одговорна за реализацијата на активностите беше наставничката Александра Блажевска, која воедно е и Scientix амбасадор и претседател на Креативен центар Карпош.

Оваа награда е уште една потврда дека во Карпош образованието е на исклучително високо ниво, за што говори и фактот дека на фестивалот беше препознаен квалитетот на проектот, кој впрочем е и единствен награден од Македонија.



# НАГРАДЕНА **СТАКЛЕНАТА ГРАДИНА** ВО „ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА“

Со научноистражувачкиот проект „Стаклена градина“, основците од ООУ „Вера Циривири-Трена“ се пласираа меѓу десетте најуспешни училишта во Република Македонија. Во рамките на манифестацијата „Предизвикот за млади истражувачи“ која се одржа во Владата на Република Македонија, премиерот Зоран Заев им врачи вредносен ваучер од 263.000 денари на учениците од Карпош за нивната исклучителна креативност. Основците го реализираа проектот под лидерство на наставничката Дивна Карапанчева и под менторство на наставничката Валентина Пешевска.



# **ДЕЖУРНИ СЛУЖБИ** ЗА ПОЧИСТА ОКОЛИНА

Општина Карпош воведе дежурни служби за одржување на хигиената и за време на викендите. Дванаесет хигиеничари, по четири работни часа, (од 8 наутро, до 12 напладне), ќе бидат рамномерно ангажирани по урбаните заедници, со цел, дополнително да се одржуваат јавните површини.

Поради тоа што во летниот период постои зголемената фреквенција на движење на граѓани и автомобили, хигиеничарите ќе спроведат акции за чистење низ платоата, маалските паркчиња, сервисните улици, како и меѓу зградите.



# ПРВОТО ДОМАЌИНСТВО ШТО **ПРОИЗВЕДУВА СТРУЈА**

Во населбата Тафталиџе, во Општина Карпош, поставена е првата фотоволтаична централа на покрив, на семејна куќа. Всушност, новиот Закон за енергетика дава можност, секое домаќинство или компанија да инсталира фотоволтаична централа и за сопствени потреби да произведува електрична енергија. Вишоците на струја може да се продаваат на слободниот пазар.

На промотивниот настан во организација на ЕВН присуствуваше и Премиерот на Република Македонија, Зоран Заев кој од Тафталиџе порача дека новиот закон дава позитивни ефекти, а основната цел е да се намали увозот на електрична енергија и да се зголеми домашното производство.

Интервју со
**Евгенија
Зафировска**
моден креатор
од Карпош:



МЕ
ИНСПИРИРАШЕ

# КЕНЗО ТАНГЕ

Модата и архитектурата го споделуваат разбирањето на просторот.

**Ве паметиме како млада карпошанка, вљубеник во креациите, во модата, со цврста решеност да го изгради и да го покаже својот талент. До каде сте со Вашата едукација, афирмација...?**

Во март 2018 година завршив со магистерските студии на Факултетот за дизајн во Љубљана. Вложив многу труд и посветеност во сите досегашни проекти. Долгогодишните учества во различни проекти придонесоа стекнување на нови соработки поврзани со мојата професија. Во моите колекции има многу рачна изработка, посветеност, истражување на пазарот и акцент на одржливата мода. Тоа е она што ме води, црвената нишка во мојата креативност.

**Последен настап Ви беше на Белградската модна недела. Таму конкуренцијата беше силна и инспиративна. Какви искуства носите оттаму?**

Претставување на меѓународни манифестации е голем предизвик токму од аспект на соработка и размена на искуства со учесниците и другите соработници. Конкуренци-

јата го поставува високиот критериум кој за секој дизајнер е мотивација за поголема креативност. Да се изработи едно дизајнерско уникатно парче кое ќе има мој препознатлив белег значи визија, труд, работа и секако претставување на бројни манифестации од таков карактер. Модната фела и критичарите се строги кога станува збор за афирмација на нови модни имиња. Тоа не ме плаши, напротив, ме стимулира уште повеќе да се дадам себеси на професионален план. На финалната ревија од регионалниот конкурс за Модна извидничка изложба на Југоисточна Европа (Fashion Scout South-East Europe Showcase) учествуваа вкупно 11 дизајнери од шест земји во рамките на Белградската модна недела, а јас, како единствен претставник од Македонија, се претставив со колекцијата „Архитектура во движење“.







**На последниот настап во Скопје, Ве паметиме по презентацијата на исклучиво авангардна 3Д-колекција со футуристичка визија. Која ви е ориентацијата во високата мода, или сакате да експериментирате во различни сфери?**

Главната инспирација во колекцијата „Архитектура во движење“ се делата на јапонскиот архитект Кензо Танге. Модата и архитектурата го споделуваат разбирањето на просторот, структурата и композицијата, односно се две уметнички области кои имаат заедничка креативна почетна точка. Колекцијата е одговорна за човештвото и одржувани етички вредности. Многу луѓе се уморни од „злото“ и крајно ужасната репутација на модната активност и сакаат да ја променат оваа ситуација со пријателска понуда. Ова исто така значи почитување на клиентите на нов начин и нудење на подлабоко задоволство на производот со квалитетен дизајн, добро вклопување и добар квалитет на производството.

Овој пристап нуди можност да се прошири времето за користење на облеката. Истражувањата и моето досегашно искуство се повеќе ме насочуваат во сферата на експериментирањето на одржливата мода во авангардни парчиња.

**Каде се сѐ појавувавте во последно време и дали добивате возвратна сатисфакција?**

Со голема љубов и задоволство учествував на Модниот викенд во Скопје и Белград. Секое ново претставување е и ново искуство. Во изминатиот период работев на повеќе проекти кои успешно ги реализиравме со партнерите. Поддршката од соработниците, партнерите и љубителите на модата, нивните критики се најголемиот репер и патоказ за продолжување, истражување и мотив повеќе. Уметноста нема точно определени правила, а прифаќањето од околината е еден од клучните моменти.

Напорно работам да немам отпадоци и да се приближам колку што е можно на поодржлив начин на размислување. Се обидувам да го поддржам развојот на локалните бизниси и вештини. Свесна сум за поврзаноста со другите и со околината, имам цел да постигнам промени во светот на креативен и иновативен начин.

**Кои се Вашите долгорочни соништа Ена, како веќе препознатлив бренд во светот на модата?**

Мојот сон е препознавање на брендот Евгенија Зафировска.

**Виолета Цветковска**



# СТРАВ ОД ЛЕТАЊЕ



**Бојан Кордалов,**
специјалист за односи со јавност и нови медиуми

**Може ли родителот да биде постојано со своето дете и да го заштити од сите опасности кои постојат на интернет? Или најважно од сè е да ги научиме своите деца како да се однесуваат кога се во „виртуелниот простор“ и како да ја изградат и одржат онлајн репутацијата?**

Иако голем број од нас за време на летовите со авион не сакаат да признаат дека чувствуваат страв, статистиката го говори спротивното. Дури 96 проценти од луѓето чувствуваат некаква непријатност и страв додека се движат на надморска височина од околу 10 илјади метри. Во светот одамна постојат голем број на курсеви, совети и терапии за надминување на стравот од летање, особено кај лицата кои ова чувство не можат да го контролираат.

Нешто слично се случува и на релација родители и деца, особено денес, кога говориме за огромна пенетрација на интернетот, социјалните медиуми и технологијата во животите на децата уште од најмала возраст.

Голем број возрасни не признаваат или не сакаат да зборуваат на оваа тема, но, речиси нема родител кој не чувствува страв од потенцијалните опасности со кои детето може да се соочи во виртуелниот или онлајн просторот. Стравовите започнуваат од можноста за создавање на интернет „зависност“ кај детето, па се движат сè до насилните игри и видеа, кражба на податоци и чувствителни информации за детето итн.

Всушност, стравот од летање и стравот дали нашето дете може да се соочи со опасности во интернет-просторот се дијаметрално спротивни. Но, имаат една многу важна

заедничка карактеристика. И двата, потребно е да ги погледнеме во очи и да ги рационализираме.

Кај првиот страв не можеме воопшто да влијаеме, туку потребно е да се потсетиме дека секојдневно се остваруваат стотици летови со кои се поминуваат десетици илјади километри, како и дека за безбедноста во авиосообраќајот во светот се грижат огромен број луѓе во целиот свет.

Кај вториот страв, откако прво ќе се соочиме со него, можеме многу да влијаеме. Бидејќи токму родителите се оние што ги поставуваат „правилата на игра“ кај детето, како и времето кое детето ќе го поминува на паметните телефони, таблетите и во интернет-просторот.

Првенствено, родителите се примерот на кој децата се угледуваат. Ако мајката или таткото, додека поминуваат време со своето дете не можат да се одвојат од своите телефони и „чат“ апликации, немојте да очекувате дека детето нешто поразлично ќе се однесува во иднина.

Доколку родителите се оние што детето го учат дека не треба да поминува улица и да гледа во телефонот, а му даваат спротивен пример, нормално е и детето да го усвои и примени кај себе однесувањето кое ќе го види со своите очи.

Се разбира дека е потребно да се потсетиме и дека седењето на интернет претставува награда откако сите домашни и училишни обврски ќе бидат завршени, како и дека времето поминато на компјутерските игри и видеа треба да биде ограничено. Но, родители, никогаш не заборавајте дека и нашето време на интернет треба да биде ограничено. Само на тој начин ќе им дадеме практичен пример на децата и ќе бидеме вистински авторитет за нив на оваа тема. Во спротивно, доколку родителот му брани на детето да користи интернет, а во меѓувреме не ја трга главата од екранот на телефонот, ќе создаде само негодување и отпор кај своето дете.

Секако дека може да дадеме уште многу примери и совети. Но, ајде да сублимираме: новите технологии, интернетот и социјалните медиуми се реалноста без која не можат новите генерации. Тие се нивна потреба, нивна алатка за учење и работа, како и начин за поминување на слободното време преку забава. Сепак, одговорноста да ги научиме како да направат баланс со секојдневието и поминувањето време во „реалниот свет“ е пред сè наша обврска. Одговорноста за тоа дали ќе знаат да ги препознаат опасностите во интернет-просторот и да се справат со нив е на возрасните кои треба да ги научат своите деца на тоа уште од најмала возраст.

Драго ми е што Општина Карпош и градоначалникот Богоев ја препознаа потребата од актуализација на оваа тема. Во соработка со Општината, ИТ-компанијата „Кабтел“ и мултиплатформата за родителска заштита на интернет Safe Kids, очекувајте во наредниот период да бидеме многу поприсутни во основните училишта во Карпош. Заедно со вас да придонесеме секоја наредна генерација да има безгрижно детство, користејќи безбеден интернет и чувствувајќи се сигурно во интернет-просторот.





### БОГОЕВ НА МЛАДИНСКА ДЕБАТА

# СО ПРОЕКТОТ **ГАРАНЦИЈА ЗА МЛАДИ** – ПОБРЗО ДО РАБОТА

Поголемата застапеност на младите, младинското учество и справување со младинската невработеност беа дел од темите на дебатата за млади во организација на Младински сојуз – Крушево, на која еден од говорниците беше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев.

Во изминатите години Богоев имаше честа и искрена соработка со младинскиот сектор, каде што заедно со нив креираше политики за млади и ги образложи најгорливите проблеми.

Добрата соработка продолжува и понатаму. Како локална самоуправа, Општина Карпош има што да понуди за младите луѓе.

Општина Карпош е единствената локална самоуправа која е дел од Националниот форум за вработување на млади – тело кое обединува претставници од институции и организации од земјите од Западен Балкан, при што се споделуваат позитивни практики за справување со младинската невработеност.

*„Во оваа насока, во Карпош се спроведува и проектот ‚Гаранција за млади‘, каде што младите кои се невработени може да се евидентираат и да добијат понуда за работа, практика или доедукација“*, посочи Богоев на младинската дебата.



### ПАНДЕВ КУП 2018

# **МЛАДИНСКИ ФУДБАЛСКИ ТУРНИР** ВО КАРПОШ

Во наслебата Влае, на плоштадот Делфина беше отворен младинскиот турнир во фудбал „Пандев куп 2018“. Фудбалската академија Пандев организираше спортски настан за пречек на младите фудбалери од 32 екипи од Македонија, но и од земји од регионот, кои се натпреваруваа во периодот 30 јули до 04 август.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев ја поздрави иницијативата на Фудбалската академија Пандев за поддршка на младинските категории во спортот. Во таа пригода, ја најави и изградбата на ново фудбалско игралиште на песок, на Кејот на реката Вардар, во рамки на Адреналинскиот парк.

Станува збор за игралиште со димензии од 39х35 метри и странични трибини, кое ќе биде погодно и за организирање на меѓународни турнири во летниот период. Тој наброја и се што досега прави локалната власт за спортот во општината, меѓудругото, обнова на повеќе училишни дворови кои прераснуваат во спортско – рекреативни центри (во ОУ “Петар Поп Арсов”, ОУ “Војдан Чернодрински” и ОУ “Јан Амос Коменски”). Општината доделува и финансиска поддршка на младинските школи на клубовите од Карпош, со цел спортистите да имаат тренинзи во подобри услови.

На отворањето на спортскиот настан присуствуваше и Премиерот на Република Македонија, Зоран Заев, кој напомена дека намерата на Владата е да се поттикне социјална интеракција меѓу младите, за таа цел ќе биде донесен новиот Закон за спорт којшто ќе обезбеди, меѓудругото, и мапирање на талентите од нивна најрана возраст. Директорот на Агенцијата за млади и спорт, Дарко Каевски ја истакна својата благодарност до Фудбалската академија Пандев, која е основана од фудбалскиот великан Горан Пандев и која во значаен дел придонесува за зајакнување на капацитетите на младите фудбалски таленти.





# АФИРМАЦИЈА НА **БАДМИНТОНОТ** ВО КАРПОШ

Минатиот месец заврши првиот дел од проектот „Играме бадминтон – предуслов за психофизичко здравје низ популаризација и омасовување во основните училишта од општина Карпош“. Во соработка со Одделението за култура и спорт на Општина Карпош, Бадминтон федерацијата на Македонија (БФМ),организираше спортско-едукативен настан кој се одржа од 18 до 22 јуни во просториите на ООУ „Војдан Чернодрински“.

На петдневниот семинар за тренери по бадминтон, пријавените посетители, како и наставниците од неколку основни училишта од општина Карпош и студентите од Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, се стекнаа со основни познавања и техники, кои понатаму ќе ги применат при обука во овој спорт. Во рамките на семинарот беа опфатени десет часови теоретска и практична презентација, под водство на Горан Тасевски (прв селектор на националната бадминтон екипа на Македонија).

Сите учесници кои успешно го завршија семинарот, се стекнаа со сертификат и квалификација „Бадминтон тренер – ниво 1“, што ќе им овозможи професионален ангажман во своите средини (училишни клубови, секции, наставни програми и сл.). Целта на овој проект е инволвирање на поголем број на ученици од основните училишта во спортот генерално, а исто така и претставување и афирмација на бадминтонот.

Во вториот дел од проектот кој ќе започне во август – годинава, Бадминтон федерацијата на Македонија, комплетно ќе ги опреми спортските сали во основните училишта, чиишто претставници успешно го завршија семинарот, со бадминтон опрема (мрежички, сталки, рекети, пера).

БФМ ги покани сите учесници на семинарот, како свои гости, да присуствуваат на Балканскиот бадминтон шампионат кој ќе се одржи во Охрид, од 30 август до 2 септември годинава.




# СВЕТСКО ЈУНИОРСКО **ЗЛАТО** ЗА КАРАТИСТОТ **ИДРИЗИ**

Каратистот на карпошовиот клуб „Макпетрол“ Абдурахман Идризи во категорија до 55 килограми, го освои златниот медал во светската карате Прва младинска лига во Умаг, Хрватска, во јуниорска конкуренција. Идризи во финалниот натпревар го совлада Максим Краснов од Русија со вкупен резултат од 7:2.

По ова елитно натпреварување, кое е во организација на Светската карате федерација, Идризи нанижа пет последователни победи. Успехот на карпошовиот каратист е уште позначаен, со оглед на тоа што на овој светски карате куп учествуваа 1.874 натпреварувачи, од 74 земји од целиот свет.




# ПОДДРШКА ЗА ФУДБАЛСКАТА ШКОЛА НА **ФК ЛОКОМОТИВА**

Општина Карпош опстојува на определбата за финасиска поддршка на спортот, пред сè, на категоријата млади спортисти. Во таа насока, локалната самоуправа ќе ги санира соблекуваните и фудбалскиот терен на ФК Локомотива, која во упис на нови членови во фудбалската академија, на возраст од пет до 15 години.

Ваквата поддршка на клубовите од страна на Општината ќе продолжи и натаму, со цел, младите да се стекнат со здрави животни навики и активно да спортуваат.

Разговор со **Елена Зисоска**

# ТРИАТЛОНОТ Е И ЖИВОТЕН СТИЛ



*Триатлонот или тробојот е спортски натпревар во издржливост, во кој се застапени дисциплините: пливање, велосипедизам и трчање. Триатлонот потекнува од Калифорнија, САД, од далечната 1970 година, а во 2000 година станал и составна дисциплина во рамките на Олимписките игри. Олимписките и светските шампионати во триатлон се состојат од пливање во должина од 1,5 км, возење на велосипед на патеки долги 40 км и трчање на патека во должина од 10 км. Во последните години, оваа комбинирана спортска дисциплина станува се попопуларна и кај нас. За убавините, предизвиците и адреналинот кој го носи овој спорт, разговаравме со триатлонката Елена Зисоска.*



**Од кога активно се занимавате со овој комбиниран спорт и која беше причината да почнете?**

Веќе петта година се занимавам со пливање, велосипедизам и трчање, а трета година учествувам на натпреварувањата во нашата земја организирани од Триатлон федерација на Македонија. Започнав со прилично авантуристички пристап, за потоа да продолжам многу посветено да тренирам и учам за овој спорт.

**Која дисциплина најлесно ја совладувате, а за која ви треба најмногу напор?**

Убавината на триатлонот ја гледам во постојаното усовршување и усогласување на овие три дисциплини, заради тоа и мислам дека овој спорт нуди постојан предизвик кој едноставно не ве остава да бидете задоволни од постигнатите резултати. Во сите три дисциплини вложувам многу напор, но исто така подеднакво многу уживам.

**Кој е Вашиот најголем постигнат успех, и каде сте се натпреварувале?**

Често потенцирам и сметам дека успехот во спортовите на издржливост се мери низ желбата и решителноста да се издржи низ процесот. Натпреварот е само еден момент, во споредба со целото патување. Сепак, навистина значат и самите признанија, па затоа би го издвоила освоеното прво место на Државното првенство во триатлон – Преспа 2018 година.

**Дали професионалното занимавање со овој спорт бара посебни „жртви“, односно посебен начин на исхрана, посебен режим на секојдневно функционирање итн...?**

Иако по обемот на тренинзи може да се каже дека триатлонот бара професионална посветеност, сепак јас, како и повеќето триатлонци, не сум професионална спортистка бидејќи покрај тоа работам во друг сектор со полно работно време. Подготвувањето за трките, особено за оние на долги дистанци за кои тренирам, за мене значи комплетно приспособување на животниот стил кон спортот. Тоа подразбира здрава исхрана, суплементација, доволно одмор итн. Но, не сметам дека сите откажувања што ги правам се „жртва“ туку навистина целосно уживам во мојата одлука да се занимавам со овој спорт.

**Кои се Вашите планови за во иднина? Каде се гледате, во однос на овој спорт?**

Во триатлонот има простор за постојано лично подобрување и има многу финеси на кои треба да се работи покрај самото пливање, возење велосипед и трчање, па затоа се гледам себеси во овој спорт на подолг рок. Покрај своите амбиции, особено ми е драго што имам можност да работам со помлади генерации на триатлонци. Моментално кај нас во Македонија за прв пат се развиваат неколку генерации на спортисти во овој спорт. Во клубот





„Триоџи“ за кој и самата се тркам, тренираат повеќе од 50 деца на различна возраст кои постигнуваат особени резултати надвор од нашата земја, па затоа со радост можам да кажам дека иднината на триатлонот е светла.

**Благојче Атанасоски**



// Разговор со **Наташа Костовска** освојувач на **Белата Планина**

# Планината е **БОРБА СО САМИОТ СЕБЕ!**

„Најдолгиот пат започнува со првиот чекор. Првиот чекор секогаш е тежок, несигурен, плашлив, скромен... Како роден истражувач, креативец и борец, љубител на спортот, од мали нозе ги сакав сите видови на спорт, едноставно кога генетиката, физичката конституција и духот си го бараат своето, не е возможно да избегаш“ – вака планинарката, а пред сè девојката со спортски дух, Наташа Костовска го започна раскажувањето од неодамнешното патешествие наречено „Мон Блан“. Пред еден месец, на 22 јуни, го искачи највисокиот врв во Европа, западно од Русија, кој се наоѓа во срцето на Алпите на височина од 4.808 метри надморска височина. По успешно искачениот највисок италијански врв Гран Парадизо, на 20 јуни, карпошанката Костовска, во вечерните часови продолжи со искачување на Мон Блан – планински врв кој претставува предизвик за сите љубители на планините и алпинизмот. Таа вели дека условите за искачување биле одлични.

**Искачувањето на врвот е твој личен врв, твој успех и ничиј друг!**

- Го искачив Мон Блан на 22 јуни 2018 година некаде околу 11.00 часот претпладне. Беше минус 12 Целзиусови степени со чувство на минус 15 Целзиусови степени, затоа што имаше ветер, а имаше и магла. Но, сето тоа не ме спречи да стигнам до целта, до она за кое и појдов таму.

Чувството е како да ги допираш височините и си поблиску до облаците. Пред да го искачам „мојот врв“, направивме аклиматизација во домот „Виторио Емануеле“ на 2.735 метри надморска височина, по што следеше искачувањето на Гран Парадизо – 4.061 метар кој е највисок италијански врв. До последните 20-30 метри треба да имаш навистина алпинистичко искуство, бидејќи патеката е премногу тесна каде што стои статуата на Гран Парадизо и мора да се движиш со јаже, бидејќи има простор само да се стави ногата, а долу е провалија. Поминуваш по глечерски пукнатини и размислуваш само како да стигнеш до целта. Горе високо – долу длабоко! Имаше доста вертикали за искачување, се качувавме со јажиња, ги закопувавме брезите во снегот. Одевме по космик т.н. алпска рута, преку три планински масиви, која е долга и бара психофизичка подготвеност. При крајот, на дофат на врвот, солзите секако беа неминовни. Успеав! Го остварив сонот за оваа година.

Наташа, која воодушевено се потсетуваше на неверојатното искуство, со насмевка на лицето, непрестајно зборуваше за секој момент кој го доживеала на највисокиот европски врв.

- Искачувањето не беше ни малку лесно. Се качувавме ноќе. Се разбира, тие експедиции траат подолго, можеби и не секогаш во пријатни временски услови: студенило и ветер, снегови, времето е променливо и не може да се предвиди на такви височини, но овојпат, за наша среќа искачувањето беше во нормални временски услови со можеби малку повеќе ветер. Опремата на себе е тешка, но, не и ранецот, тој е доста лесен. Мислата и желбата те носат до целта, иако последните 300 метри беа доста потешки, бидејќи го гледаш врвот и мислиш дека е блиску, а до него има уште еден час пешачење. Јас бев со повреда на ногата, последниот ден примав инјекции и не требаше да одам, но, бев цврсто решена и реков ќе одам. Имав болки во ногата до Гран Парадизо, но веќе на Мон Блан не ги чувствував бидејќи верував цврсто во себе и реков дека ќе ја постигнам целта и ќе го искачам врвот. Се качив горе со водичот, тој па јас.

И покрај прекрасното искуство од искачувањето, Наташа при симнувањето, за среќа избегнала несреќа која можела да биде и кобна.

- Симнувањето го гледав како полесен начин отколку качувањето. Се преценив, мислев дека е ова Водно па ќе трчам симнувајќи се, но, не беше така. Една мала несреќа, која за среќа заврши добро, ми одржа лекција за следното качување на наредниот врв, дека се до крајот на патувањето е потребно трпение и концентрација. Планинарењето не е натпревар со определен противник, ниту освојување на пехар и медал. Планината е борба со самиот себе. Карпошанката, која исто така работела и како наставник во училиштата во Карпош, организирано спроведувала планинарски кампови за децата кои биле од огромно значење. Наташа, која потврди дека ова искуство и било едно од скапоцените сака да им го пренесе и на децата.



- Со мојата другарка Илина Арсова имавме прекрасно дружење, а таа несебично го вложи својот спортски дух да ја доближиме природата до најмладите. Демонстриравме како треба да се отвори шатор, потоа како треба да се подготват за планинарење и на кој начин се искачува на врвот од планината. Сето тоа беше кратко, но навистина едно прекрасно и незаборовно искуство, гледајќи колку се децата среќни и исполнети, колку се заинтересирани. Овој проект би сакала да продолжи, но во поширок дијапазон. Планирам еден едукативен проект во однос на правилно постапување на планина, соодветно облекување, движење, потребна опрема и следење на временските услови, каде што, освен планинарството паралелно ќе го вметнам возењето со мотор при искачување на планински врв на безбеден начин. Преку овој проект би сакала да го доближам и правилното однесување и во



адреналинските спортови. Се надевам дека оваа година ќе го реализирам во една поинаква варијанта.

Полна со живот, спортски дух, неверојатна енергија, Наташа Костовска не запира тука. Таа прави планови за едукативни проекти и речиси ја има осмислено и следната планинска рута на еден од многуте врвови во светот.



- По искачувањето на Мон Блан реков ќе одмарам. Но, до кога? До влегувањето во комбето каде што почнав да правам планови за моето наредно искуство. Мароко (Атлас) во планинарскиот бележник е следен масив за истражување. Попатно, секако, не би го „заобиколила“ планинскиот врв Триглав. Исто така, во план ми се и руското Елбрус кој е висок 5.642 метри и Аконкагва, на Андите.

**Мила Гавриловска**

# УЖИВАЊЕ ВО ЏОЈ




Карпош отсекогаш важел за место каде и најпрефинетите сладокусци можат да најдат катче каде што ќе уживаат во храната. Од неодамна, Карпош доби уште едно, ново урбано катче за дружење. Во непосредна близина на Технолошк-металуршкиот факултет, во населбата Карпош 2, се отвори кафе-ресторанот „Џој“ („JOY“) – концептуално поразличен угостителски објект.

Оригинална понуда на храна и пијалаци, каде всушност, гостите се самопослужуваат, одбирајќи вкусни бели печива, супи, кога станува збор за храна, или пак шејкови, смути, кафе и цеден сок, кога некој претпочита пијалак.

Цедените сокови, мелeното кафе од Етиопија, ја пренесуваат вистинската арома на кафето, коешто „збогатено“ со парче торта, е полн погодок за тие кои сакаат да се освежат во овие летни денови, или, пак, да пробаат оригинален вкус на кафе.

Ненаметливоста на персоналот, нивната љубезност и пристојност, го прави овој кафе-ресторан пријатно место за сите кои бараат интимност и опуштеност. Модерниот дизајн на ентериерот ја надополнува оваа прекрасна амбиентална целина „сместени“ во овој нов урбан локал на територија на општина Карпош.

**Благојче Атанасоски**





# **ЧИСТА ВОДА** И ПОГОЛЕМА **ЗАШТЕДА НА ЕНЕРГИЈА**



Компанијата Емарк Македнија е овластен застапник и дистрибутер на производите на 3M Purification inc (USA) и 3M Window films (фолии за стакло), во повеќе држави од регионот.

Под 3M Purification inc. се подразбира целосниот оддел на американската корпорација 3M кој се однесува на филтрација на вода, течности и гасови во сите области.

3M системите за филтрирање на вода ја прочистуваат водата во вашиот дом од штетни загадувачи кои се присутни во градските водоводи. Емарк Македонија овозможува филтри специјално наменети за отстранување на хлорот, бигорот и хлорамините.

Со изолационите фолии се овозможува зголемена енергетска ефикасност во вашиот дом или фирма. Имено, овие фолии ја намалуваат сончевата топлина која навлегува преку прозорците без да се намали нивото на светлина во просторијата.

Голем број од потрошувачите потврдуваат дека благодарејќи на овие Climate control, Safety и изолациони фолии имаат пониски сметки за плаќање на електрична енергија.

Овие фолии за прозорци претставувале вистинско откритие во раните 60-ти години, а од тогаш, 3M ги има надградено и развиено во повеќе од 100 типови на фолии, со различни карактеристики, а прилагодени по потребите на клиентот.

Значајна е да се истакне и поддршката која Емарк преку 3M ја добива од Интернационалната асоцијација за заштита од рак на кожата чии претставници нагласуваат за корисноста на фолиите при заштита од штетните сончеви зраци.

Компанијата Емарк е и меѓу првите општествено одговорни субјекти кои ја покажа грижата кон локалната заедница и се приклучи кон проектот Мој Карпош – Моја картичка, овозможувајќи производи по пониски цени за граѓаните кои живеат на територија на Карпош.





info@emark.com.mk

**www.emark.com.mk**

**Facebook**
Emark Makedonija

**Instagram**
@emarkmk

# ПРЕДАВНИКОТ

Посветено на сите борци и народни херои, кои ги носат имињата на училиштата од општина Карпош



Жегата беше неподнослива. Сонцето одеше сѐ повисоко и повисоко, а зраците печеа и гореа сѐ пред себе. Пиеше без престан, а шишиња од ракија беа расфрлани по пожолтената трева од запуштениот двор. Прозорците отворени зјапаа, со висулци од искршени џамови. Парчињата од искршените џамови се мавтаа како партали. Трошната врата беше подотворена и однатре излегуваше тежок мирис на мувла. Старецот полека ги подотвори очите, се џареше овде-онде. Се помести малку да ги разбрка мувите кои се беа собрале на неговата облека, која смрдеше на реа и на пот од неговата со месеци небањата снага. Кога ќе се испијанеше, паѓаше низ дворот и таму остануваше се додека малку не се освестеше. В зима, паднатиот снег го ладеше и го освестуваше, а в лето, неподносливото сонце го печеше како под вршник. Телото му се распаѓаше, и додека се напрегаше да помрдне макар делче од тоа смрдливо тело, замаглениот поглед му одлута нагоре.

Почувствува на носот капка крв. Капката се рашири на илјада ситни делови и почна да се слева надолу низ вратот. Студенило го облеа и цела снага почна да му се тресе. Желудникот му се превртуваше и мачнотијата се ширеше низ целото тело. Стравот му ги собираше зениците од очите, а трепките му се лепеа. Не можеше да ги отвори очите, но, некоја неименувана сила полека му ги одлепуваше составените трепки.

– Ги видов, – помисли. Истата глетка која длабоко во срцето му беше врежана, која илјадапати ја имаше видено, која што му беше во душата му се јави повторно. Таа проклета глетка живееше заедно со него. Мигот на крвопролевањето никогаш не успеа да го заборави, се хранеше од неговата крв, како пијавица растеше сè повеќе и повеќе и го обземаше неговото речиси неподвижно тело.

Горе, над ретките облаци, ги виде своите другари фатени на оро. Играа со нови бечви, со чорапи плетени од девојчински раце, со опинци на нозете, штотуку сошиени бели ткаени кошули, со срма на елеците. Орото се ширеше и црвениот бајрак, кој се виореше, го покри целото небо и се приближи до неговата рака.

Уште една капка крв падна врз неговиот образ и остана неподвижна врз бледилото на неговото лице. „Ги видов! Пак ги видов!“ – простенка и со голем страв ги затвори очите. Одеднаш му се причини дека ги гледа зелените ливади, овците и кравите како мирно пасат зелена, росна трева. Некои од нив лежеа преживајќи ја тревата. Лисјата и гранките од дрвјата шумолеа прекинувајќи ја вообичаената утринска тишина. Птиците седеа на гранките со главите завртени кон планината, како да очекуваа нешто. Во тоа росно, преубаво утро, „ветените“ дека ќе останат заедно засекогаш, свиреа на кавал и пееја свадбарски песни подготвувајќи се за свадбарско оро. Но, тоа беше нивно последно оро, последна песна. Тој се оддалечи бидејќи ги виде. Да, ги виде исуканите сабји и пиштоли како блескаат на утринското сонце далеку во планината и се приближуваа сè поблиску и поблиску. Се стресе од тукушто сошиените униформи на младите војничиња, од сјајот на сабјите и пиштолите, кои желни за крв, не знаеја кого всушност ќе покосат.

– Одам да наполнам вода од изворот – им рече. Ги зеде двата шарени бардаци и отиде да наполни вода. Не им кажа. Избега. Ги фрли бардаците и почна да трча се побрзо и побрзо. Кога дојде до првите куќи од селото легна на земја. Не можеше да дише. Го почувствува мирисот на смртта. Му идеше веднаш да се врати длабоко в шума и заедно со своите „ветени“ во добро и лошо да ја дочека судбината. Заедно со нив да го осети вжештениот удар на сабјата, да го осети врз себе мирисот на смртта.

– О, Господи! Да ми ги пресечеа нозете, да останев со стадото, со „ветените“ со оние со кои делев сè... не можам да живеам повеќе – очајно почна да лелека. „Болката се шири, ме убива, го обвиткува моето тело. Обрачот ме стега, пече, удира во грлото, ме гуши. Се претвора во еж со големи боцки, кои одат надолу и ми ја боцкаат целата утроба. Ни препечената ракија не ми ја смири болката, ни бочвите вино што ги испив не ме натераа да заборавам“.

Останаа моминските мечти неостварени, останаа недовезени даровите, останаа песните недопеани, свадбарските руби необлечени. Само темната моќ на осаменоста царуваше во ноќи преполни со неостварени копнежи, преполни со воздишки врз перници натопени од солзи момински...

Ја испружи раката да го фати бајракот. Но, не успеа. Се повлече бајракот заедно со неговите „ветени“ во добро и во лошо. Избегаа од него исто како кога замина... и ги остави. Раката му остана да виси во воздухот. Неопиплив грч му помина низ градите. Од устата почна да излегува пена. Цревата започнаа да се грчат и да кркорат. Зениците се вкочанија...



**Силвана Јорданова**

# facebook

**Kire Fotevski** Ova koga ke go vidam mi se pravi epten kejf, gradonacalnice edno prasanje sto ke bide so salata Partizan ke ve molam da mi odgovorite pozdrav

Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 2 седмици

**Stefan Bogoev** Здраво Кире, Разговарав и со претставници од централната власт за конечно ревитализирање на СЦ Партизан. Постои и судски спор за овој објект. Добив информација дека за скоро ќе започнеме со активности за реконструкција на Партизан како центар кој ќе продолжи да биде со намена за спорт и рекреација. Поздрав, Стефан.

**Momir Momo Belsoski** komsija...koga ke pocne so gradba parkot sproti ilindenska na vardar...pomina godina nisto nema....ajde poazurno...go veti,treba da go izgradis.... 1

Ми се допаѓа · Одговори · Порака · 19 ч.

**Stefan Bogoev** Здраво,
Веќе аплициравме за грант од Светска банка, за изградба на Адреналински парк во склон на големиот парк, од вештачката карпа до бунарите на р.Вардар. Ако се биде во најдобар ред, октомври оваа година би започнале активностите на терен. Поздрав и убава вечер, Стефан.

# twitter

**Aj Ti** @AjTiMikson · Jul 18
А да направи градоначалникот игралишта за децата и да ги обнови постоечките. Ние не плаќаме данок за наградна игра.
Translate Tweet
2

**Стефан Богоев**
@sbogoev

Replying to @AjTiMikson @seirdotmk @shvalerotGoran

Целосно се реконструирани детски игралишта во Влае, Тафталице и Козле, а дел се и санирани (на оние места каде што не бевме во можност оваа сезона да поставиме нови реквизити).

2:16 PM - 18 Jul 2018

**Стефан Богоев** @sbogoev · Jul 14
Од овој викенд, по 12 хигиеничари, по четири работни часа, ќе бидат ангажирани рамномерно по урбаните заедници со цел дополнително да се одржуваат јавните површини.
Информација: karpos.gov.mk/vest/7848
3 4 24

**za mene ¥ shadow ¥** @zsenkovski · Jul 14
Е за ова имате големаа пофалба. не може 5 хигиеничари да се грижат за чистотата на цела општина. И да не биде ова кампањски туку редовна практика.
1 3

**Стефан Богоев**
@sbogoev

Replying to @zsenkovski

Благодарам. Ова ќе биде практика во периодите кога имаме зголемена фреквенција на движење. Инаку ангажиравме поголем број на хигиеничари и работиме на подобрување на постоечката и набавка на нова механизација. Поздрав 😃

4:20 PM - 14 Jul 2018

# e-mail

## Re: Проблем за пешаците во Влае

| | |
|---|---|
| From: | gradonacalnik@karpos.gov.mk [gradonacalnik@karpos.gov.mk] |
| Date: | 10/07/2018 19:47 |
| To: | <daniel.petrusevski13@gmail.com> |
| Cc: | |

- Reply
- Reply All
- Forward
- Flag
- Delete

Почитуван Даниел, Благодарам за споделените информации. Знаеме дека постои сериозен проблем со паркингот во Влае. Ова не е постоечки проблем само во оваа населба туку и во многу други (особено во Карпош 4, Тафталице 1,2). Апсолутно дека треба да се ослободат тротоарите и да бидат зони единствено за пешаците (тоа е и нивната намена), но во голем број населби е исцрпен паркинг просторот и сопствениците на возила се принудени да паркираат на тротоари. Ова е резултат и на новите згради кои во голема мера неплански се изградени. Како Општина треба да понудиме решение и за двете страни. И за пешаците и за возилата. За Влае планираме да поставиме еко монтажна платформа, со цел да се зголеми капацитетот за паркирање, но и да се ослободат тротоарите. Онаму каде што има можност, ќе се поплочат празните руинирани површини, за да се добијат нови паркинг места. Работиме на сеопфатно решение, во интерес на сите граѓани. Ви благодарам за разбирањето и комуникацијата. Поздрав и убава вечер. Стефан Богоев

## Re: Prashka

| | |
|---|---|
| From: | gradonacalnik@karpos.gov.mk [gradonacalnik@karpos.gov.mk] |
| Date: | 13/07/2018 19:30 |
| To: | <kulskopje@hotmail.com> |
| Cc: | |
| Attachments: | IMG_20180713_164329.jpg (504.2 KB)<br>IMG_20180713_163334.jpg (333.8 KB)<br>IMG_20180713_163334.jpg (333.8 KB) |

- Reply
- Reply All
- Forward
- Flag
- Delete

Здраво,

Веќе информирав дека повеќе пати е реагирано на овој потег, со санкции и теренски инспекции. Правиме се што можеме.

Дополнително го чистиме овој простор со ангажирање на повеќе хигиеничари.

Во Тафталиџе 1 е направена сериозна штета, а за дел од истата нема надоместок.

Добро е што Уставниот суд го укина ДУП-от за оваа населба иако за најголемиот дел од градбите се дадени одобренија многу порано.

Благодарам за разбирањето и комуникацијата.

Со почит,

Стефан Богоев


Vip MK
11:19
83%
TOP POSTS
#летовокарпош
natasya_torte · Follow



Клиничка болница
"Аџибадем Систина"

# СОНЧАНИЦА

доц. д-р Татјана Чепреганова-Чанговска
**невролог**

Летната жега и тропските температури може да предизвикаат сериозни тегоби кај потполно здравите лица. Сончаницата и топлотниот удар се главните непријатели во летото. Што треба да направиме доколку претераме со изложување на сонце?

## Што е сончаница?

Подолгото изложување на сонце доведува до сончаница, посебно ако тилот е директно изложен на висока температура и под дејство на сончевата топлина. Нашето тело се лади преку кардиоваскуларниот систем и преку потење. При долготрајното изложување на сонце, температурата во главата се зголемува, телото настојува да го разлади мозокот со носење на ладна крв во главата, со тоа доаѓа до ширење на крвните садови на мозокот и до зголемување на неговиот волумен. Кои се симптомите на сончаница: јака главоболка, пораст на телесната температура, сува кожа, поспаност, вртоглавица, зуење во ушите, несвестица...

Како да се помогне? Веднаш лицето кое има сончаница да се однесе во затемнета и разладена просторија, да се постави во лежечка положба, да му се даде да пие вода во која може да се додаде малку сол, да се разлади со вода (да не е премногу ладна), доколку и ова не помогне да се повика итна помош. Посериозните случи на сончаница може да завршат со несвестица или во коматозна состојба.

## Што е топлотен удар?

Не мора да бидете директно изложени на сонцето за да се добие топлотен удар. Доволно е да бидете во прегреана просторија и телото исто така да се прегрее.

Топлотниот удар има многу симптоми како и сончаница, но не мора да биде последица на директно изложување на сонце. Топлотен удар може да добијат работници во пекара или во индустрија кои работат покрај печки со висока температура, кај невнимателни возачи кои се во прегреан автомобил, кампери кои спијат во лош опремен шатор или морнари кои се покрај прегреан бродски мотор. Тој настанува како резултат на нагло и прекумерно зголемување на телесната температура и неможност на организмот да ја одржи температурата во нормални граници.

Симптоми на топлотен удар: забрзано дишење, зголемена телесна температура, малаксаност, слабост, жед, главоболка, слаб но забрзан пулс, намалено потење, сува и црвена кожа.

Топлотниот удар настанува нагло и без најава со ненадеен колапс и пад на крвниот притисок. Ова е акутно тешко пореметување кој настанува поради пореметена терморегулација на организмот а во најтешките случаеви може да предизвика кома или смрт, затоа е неопходна интервенција од лекар.

## Превенција

За да не се добие сончаница, добро заштитете ја главата. Носите шешир или качкет, облеката да биде соодветна спрема климатските услови, важно е да е од природни материјали и светла боја.

Исто така важно е да се пијат доволно течности и вода, исхраната да биде урамнотежена и лесна, богата со витамини, минерали. Просториите во кои се живее и работи да бидат разладени во однос на надворешната температура но и не премногу ладни.

# Урбани заедници

**Карпош 1**
02 | 30.68.754 и 078 | 48.69.29
m: karpos1@karpos.gov.mk
A: ул. Иван Аговски бр.2

**Карпош 2**
02 | 30.71.246 и 078 | 48.69.55
m: karpos2@karpos.gov.mk
A: ул. Бранислав Нушиќ бр.4

**Карпош 3**
072 | 26.80.54, 078 | 48.69.19
078 | 48.60.59
m: karpos3@karpos.gov.mk
A: ул. Радика бр.9

**Карпош 4**
072 | 26.80.52
m: karpos4@karpos.gov.mk
A: ул. Љубљанска бр.6

**Тафталиџе 1**
072 | 20.96.85
m: taftalidze1@karpos.gov.mk
A: ул. Букурешка бр.2

**Тафталиџе 2**
078 | 48.69.28 и 078 | 48.69.21
m: taftalidze2@karpos.gov.mk
A: ул. Копенхагенска бр.5

**Влае 1**
072 | 26.80.53
m: vlae1@karpos.gov.mk
A: ул. Фјодор Достоевски бр.2

**Влае 2**
072 | 26.80.56
m: vlae2@karpos.gov.mk
A: ул. Сливовска бр.1

**Пецо Божиновски-Кочо**
078 | 48.69.25 и 078 | 48.69.59
m: pecobozinovski@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр.7

**Нерези**
078 | 48.69.22
m: nerezi@karpos.gov.mk
A: ул. Ванчо Мицков бр.19

**Владо Тасевски**
078 | 48.69.27
m: vladotasevski@karpos.gov.mk
A: ул. Дрезденска бр.52

**Кузман Јосифовски-Питу**
078 | 91.80.30
m: kjpitu@karpos.gov.mk
A: ул. Стрезово бр.7

**Злокуќани**
078 | 48.69.23
m: zlokukjani@karpos.gov.mk
A: ул. Скупи б.б.

**Бардовци**
078 | 48.69.31
m: bardovci@karpos.gov.mk
A: с. Бардовци

**Одделение за месна самоуправа**
раководител: Миле Стевков
078 | 48.69.22
m: mile.stevkov@karpos.gov.mk

---

| | |
|---|---|
| **Кабинет:** | 02 \| 3055 901<br>02 \| 3055 902 |
| **Претседател на Советот на Општина Карпош:** | 02 \| 3055 913 |
| **Секретар на Општина Карпош:** | 02 \| 3055 918 |
| **Сектор за правни работи:** | 02 \| 3055 900 |
| **Сектор за дејности од јавен интерес:** | 02 \| 3055 939 |
| **Сектор за односи со јавност:** | 02 \| 3055 920 |
| **Сектор за развој на општината:** | 02 \| 3068 151 |
| **Сектор инспекторат:** | 02 \| 3055 931 |
| **Сектор за финансиски прашања:** | 02 \| 3055 923 |
| **Архива:** | 02 \| 3055 954 |
| **Сектор за урбанизам:** | 02 \| 3055 900 |
| **Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи:** | 072 \| 214 354 |
| **Сектор за екологија и енергетска ефикасност:** | 072 \| 273 986 |
| **Одделение за утврдување и наплата на даноци, такси и други надоместоци:** | 02 \| 3055 942 |
| **Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра:** | 02 \| 3067 055 |

gradonacalnik@karpos.gov.mk
sekretar@karpos.gov.mk
kontakt@karpos.gov.mk

**www.karpos.gov.mk**

**Поважни телефони**

| | |
|---|---|
| Полиција | 192 |
| Противпожарна бригада | 193 |
| Брза помош | 194 |
| Управување со кризи | 195 |
| АМСМ - помош на патишта | 196 |
| АМСМ - информативен центар | 155 55 |
| Авто помош на пат (24 ч.) | 9159 |
| Царина | 197 |
| Матична служба - ГУВР | 3117 037 |
| Сала за венчање | 3118 250 |

**ПТТ услуги**

| | |
|---|---|
| Будење | 180 |
| Точно време | 185 |
| Информации | 988 |
| Воена полиција | 3227 700 |
| Пазарен инспекторат | 975 |
| Водовод и канализација - дежурна служба | 3073 010 |
| Комунална хигиена - дежурен диспечер | 3224 961 |
| Оџаци - оџачарски услуги | 2440 293 |

**Сообраќај**

| | |
|---|---|
| Меѓуградска автобуска станица | 2466 313 |
| Македонија сообраќај | 2402 388 |
| Железничка станица | 3234 255 |
| Аеродром Скопје | 3148 333 |

**Дежурни аптеки**

| | |
|---|---|
| Зегин (МНТ-подрум) | 3117 614 |
| Реплек - аптека бр.4 | 3130 170 |

**Здравствени објекти**

| | |
|---|---|
| Клиничка болница | 3147 147 |
| Градска општа болница | 3235 000 |
| Болница 8 Септември | 3087 400 |
| Детска болница - Козле | 3085 761 |
| Неуромедика | 3130 000 |
| Клиника “Мајчин дом” | 3147 004 |
| Стоматолошки клинички центар | 3299 000 |
| Гинеколошко - акушерска клиника | 3147 147 |
| Гинекологија и акушерство - Чаир | 2611 033 |
| Аџибадем Систина | 3099 500 |

**Дежурни поликлиники**

| | |
|---|---|
| Букурешт | 3064 088 |
| Идадија | 3113 033 |
| Ѓорче Петров | 2031 022 |
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Чаир | 2795 112 |
| Драчево | 2611 506 |
| Шуто Оризари | 2651 696 |
| Ченто | 2522 351 |
| Бит-Пазар | 3134 534 |
| Неуромедика | 3133 313 |




**e-mail**
kontakt@karpos.gov.mk

**Facebook**
Општина Карпош

**Twitter**
@OpstinaKarpos

**Instagram**
@opstinakarpos